БИЛТЕН НА РИЗИЦИ



# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА

БРОЈ 1 СЕПТ–ОКТ 2020

## Резиме на главни поенти

**Нема карантин за которските банди**
Подолго од пет години се одвива војната помеѓу две криминални банди од Котор, на брегот на Црна Гора. И додека поголемиот дел од Црна Гора беше во карантин во текот на кризата со КОВИД-19, убиствата си продолжија. И покрај континуираното насилство, двата лидери на завојуваните кланови Кавачки и Шкаљарски, кои беа уапсени со голема помпа во 2018 година, се сега на слобода, откако платија кауција. Новата влада на Црна Гора даде ветување дека ќе се бори против организираниот криминал и корупцијата. Дали ќе може да ги запре кокаинските војни?

**Албанскиот канабис се преселува на затворено**
Албанија си го компромитира угледот откако беше рангирана како главниот производител на канабис во Европа. Некои албански криминални групи, од друга страна, ги преселуваат своите производни дејности во Западна Европа, каде одгледуваат канабис на затворено. И иако Албанија и понатаму има лош углед, неодамнешната високопрофилна заплена на дрога во Србија покажува дека можеби во регионот има и други жаришта на култивација на канабис кои се во подем.

**Парите си доаѓаат дома за празниците**
Во текот на летната сезона, полицијата во Албанија заплени неколку стотици илјади евра во кеш на граничните премини и на аеродромот во главниот град, Тирана. Ова е само врвот на сантата мраз: милиони евра во кеш се шверцуваат во Албанија секоја година, што е симптоматично за нелегалните готовински трансфери на Западен Балкан кои ги подмачкуваат нелегалните економии.

**Балканската рута и КОВИД-19: Повеќе ограничувања, поголема беда**
Во текот на 2015 година, десетици илјади бегалци и мигранти се движеа низ Југоисточна Европа на пат кон западниот дел на континентот. Денес, таканаречената Балканска рута е во голема мера затворена: границите се обезбедени, а очајните мигранти и баратели на азил се одвраќаат од продолжување на патот. Меѓу ретките добитници од оваа криза се шверцерите со

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

мигранти. Разгледуваме како сè поголем број мигранти влегуваат на Западен Балкан од Грција преку Албанија и методите што се користат за нивно шверцување. Овој прилог исто така го истакнува влијанието што овие процеси го имаат врз Босна и Херцеговина, каде, поради строгата гранична контрола на границата со Хрватска и стравот од КОВИД-19, се одвива растечка хуманитарна криза.

**На нишан: Истражувачкото новинарство во Црна Гора**

Владимир Оташевиќ, наградуван истражувачки новинар од Црна Гора и уредник на мрежата за известување за криминал и корупција „ЛУПА“ им објаснува на нашите истражувачи зошто професијата истражувачки новинар што се занимава со криминал и корупција во Црна Гора е ризичен избор. Оташевиќ го опишува медиумското опкружување во Црна Гора, како и притисоците што доаѓаат од владата, криминалците и приватниот сектор. Изведува заклучок со оптимистички тон, тврдејќи дека новата влада пост-Ѓукановиќ во Црна Гора би можела да ја зголеми медиумската слобода, да го зајакне интегритетот и да ја подобри борбата против организираниот криминал.

## ЗА ОВА ИЗДАНИЕ

Ви посакуваме добредојде на првото издание на Билтенот на ризици, изработен од Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа, дел од Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ-ТОК). Овој нов месечник, направен по теркот на сличните билтени на ризици што ги објавуваат другите регионални опсерватории на ГИ-ТОК, опфаќа теми поврзани со организираниот криминал, нелегалните финансии и корупцијата во регионот на Западен Балкан.

Билтенот на ризици се фокусира на жариштата на организиран криминал на Западен Балкан, политичката економија на организираниот криминал, криминалните пазари и тоа како корупцијата го овозможува сериозниот организиран криминал. Иако билтенот ќе се обиде да се фокусира на актуелни приказни, примарната цел му е да ги процени и анализира ризиците што произлегуваат од регионалните нелегални економии. Ги разгледува секторските, локалните и националните прашања, при што онаму каде што е можно ги става и во поширок регионален контекст, а исто така ја истакнува и врската со пошироките криминални пазари, текови, двигатели и овозможувачи. Краткорочно, од особен интерес ќе ни биде да го анализираме влијанието на КОВИД-19 на регионалниот организиран криминал, како и способноста и политичката волја на властите во регионот да му се спротивставаат. Онаму каде што е релевантно, вкрстено ги споредува статиите во Билтенот на ризици со другите публикации на ГИ-ТОК за оние што се заинтересирани за подлабинска анализа.

Ова прво издание обработува широк опсег на теми, вклучително и одгледувањето на канабис во Албанија и како се чини дека Албанците се преориентираат кон одгледување на канабис на затворено во Западна Европа, влијанието на КОВИД-19 и обезбедувањето на границите наспроти шверцот на мигранти низ Западен Балкан; влијанието на пандемијата врз војната на которските банди и новата влада во Црна Гора; и феноменот на готовинските трансфери на Западен Балкан. Исто така вклучивме и интервју со истражувачки новинар околу предизвиците и ризиците при разоткривањето на корупцијата и организираниот криминал во Црна Гора.

Темелна вредност на програмата на ГИ-ТОК е да ја зајакне отпорноста на заедниците против организираниот криминал. Фондот за отпорност го поддржува граѓанското општество, вклучително и тоа на Западен Балкан, со проекти и програми чија цел е да ги поткрепат антителата на заедниците, групите и поединците кои се подложни на криминал. Билтенот на ризици ќе им даде простор на чинителите од граѓанското општество во регионот кои се обидуваат да ја зајакнат отпорноста кон организираниот криминал.

Доколку имате фидбек или идеи за Билтенот на ризици, или би сакале да дадете ваш придонес, ве молиме стапете во контакт со almedina.dodic@globalinitiative.net.

# Нема карантин за которските банди

Црна Гора прогласи карантин кој траеше речиси цела пролет. Беше последната земја во Европа што регистрира случај на КОВИД-19[1] (на 17 март) и, 68 дена покасно (на 24 мај) беше првата европска земја што се прогласи за ослободена од вирусот.[2] Но, додека владата се фалеше со цврстата рака во справувањето со пандемијата, не можеше да се пофали дека има ист пристап и кон организираниот криминал. Босовите на раскараните кланови Кавачки и Шкаљарски, кои беа уапсени во 2018 година, сега и двајцата се на слобода со кауција и со тешка полициска заштита додека, во меѓувреме, циклусот на одмазднички убиства меѓу бандите продолжува непроменето.

Убиствата во стилот „мило за драго" што се одвиваат во црногорското подземје уште откако исчезна пратка со кокаин во Шпанија во 2014 година (што предизвика раздор во криминалните кланови лоцирани во Котор) продолжи во текот на кризата со КОВИД-19, и покрај карантинските мерки.

Еден човек беше убиен, а друг повреден на 4 март кога автомобилот во кој се возеа беше кренат во воздух во близина на супермаркет во главниот град Подгорица. Беше повреден и случаен минувач. И двете лица беа познати на полицијата, а починатиот наводно бил член на кланот Шкаљарски.[3]

Подоцна, четири лица се обиделе да го убијат наводниот шеф на ривалскиот Кавачки клан, Радоје Звицер, во Киев, на 27 мај.[4] А двајца членови на кланот Шкаљарски биле брутално убиени во рафален оган од автоматско оружје на Крф, на 23 јули.[5] Овие убиства следат шема што ГИ-ТОК веќе ја анализираше во извештајот објавен во Јули 2020 година, „Вршење убиство: Што откриваат нарачаните убиства за црногорските војни за дрога".[6]

Два високо рангирани членови на ривалските кланови неодамна беа пуштени од затвор. На крајот на јули 2020 година, наводниот лидер на кланот Шкаљарски, Јован Вукотиќ, кој беше уапсен во



**Форензички експерти бараат траги по експлозија на автомобил во Подгорица, во март 2020 година, во која се смета дека беше убиен член на кланот Шкаљарски.**

© Петар Јовановиќ/еСток (PetarJovanovic/eStock)

Турција во 2018 година, беше ослободен затоа што обвинителството не го покрена обвинението во рамките на законскиот рок.[7] Вукотиќ е обвинет за обид за убиство и нелегално поседување на оружје и експлозивни материи. Претходно отслужил 15-месечна казна за користење лажен пасош. Неговото пуштање на слобода доаѓа по ослободувањето на Слободен Кашќелан, наводно лидер на Кавачкиот клан, кој беше уапсен во Прага во декември 2018 година.[8] Кашќелан беше ослободен во декември 2019 година откако платил кауција од речиси половина милион евра. Обвинителството тврдеше дека Кашќелан водел криминална група што се занимавала со шверц на дрога, перење пари и изнудување.[9]

И покрај крвопролевањето и развлекувањето на оваа војна меѓу бандите, која го оцрнува угледот на Црна Гора, неа не ѝ беше обратено речиси никакви внимание од страна на политичарите во текот на кампањата за парламентарните избори што се одржаа на 30 август. Дали новата влада во Црна Гора ќе има смелост да ја запре кокаинската војна меѓу клановите? Има знаци дека потенцијалната владина коалиција би можела да заземе поцврст став кон организираниот криминал – барем на хартија. Во договорот за соработка помеѓу трите коалициски партнери потпишан на 8 септември 2020 година, трите лидери се обврзаа дека „новата демократска влада во Црна Гора целосно ќе ги деполитизира клучните владини институции со цел да осигура бескомпромисна борба против организираниот криминал и корупција“.[10]

Реално, нема да биде лесно за новата влада да ја разбие мрежата создадена од которските кланови кои се вткаени во ткивото на земјата и пошироко, благодарение на приходите натрупани од шверцот со кокаин од Латинска Америка кон Западна Европа. Исто така треба да се има предвид дека иако Демократската партија на Социјалистите ги изгуби изборите за првпат по повеќе од ?? години, лидерот на партијата, Мило Ѓукановиќ, останува претседател на земјата. Сепак, ако се нафатат да работат на овој проблем, со поддршка од надвор, би покажале дека новата влада има како волја така и способност да сврти нова страница во однос на некои од помрачните аспекти на поновото минато на земјата.

## Забелешки

1 Montenegro is Europe’s last remaining coronavirus-free country, RT magazine, 13 March 2020, https://www.rtmagazine.com/disorders-diseases/infectious-diseases/other-infections/montenegro-coronavirus-free-europe/.

2 Montenegro is corona free, Twitter profile of the Government of Montenegro, 24 May 2020, https://twitter.com/MeGovernment/status/1264598489318776832.

3 Biljana Nikolić, *Bomba aktivirana ispod auta: Božović poginuo, Keković teško povrijeđen*, Vijesti, 4 March 2020, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/424181/podgorica-eksplozivna-naprava-aktivirana-ispod-automobila.

4 Zdravko Ljubas, Montenegrin crime boss shot in Ukraine, suspects arrested, Organized Crime and Corruption Reporting Project (OCCPR), 28 May 2020, https://www.occrp.org/en/daily/12424-montenegrin-crime-boss-shot-in-ukraine-suspects-arrested.

5 Jelena Jovanović, *Ubijeni Alan Kožar i Damir Hadžić*, Vijesti, 23 July 2020, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/453745/ubijeni-alan-kozar-i-damir-hadzic.

6 Walter Kemp, Making a killing: What assassinations reveal about the Montenegrin drug war, GI-TOC, July 2020, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2020/07/Making-a-killing-What-assassinations-reveal-about-the-Montenegrin-drug-war.pdf.

7 За детали околу апсењето на Јовица Вукотиќ, видете ЦДМ (CDM(, 11 септември 2018 година https://m.cdm.me/english/details-on-arrest-of-jovica-vukotic/.

8 Kascalan arrested in Prague, Mina, 14 December 2018, https://mina.news/english-news/kascalan-arrested-in-prague/.

9 Milica Vojinović, *Šef kavačkog klana izlazi iz pritvora*, Crime and Corruption Reporting Network (KRIK), 11 December 2019, https://www.krik.rs/sef-kavackog-klana-izlazi-iz-pritvora/.

10 Samir Kajosevic, Montenegro coalition leaders agree on ‘pro-European’ course, Balkan Insight, 9 September 2020, https://balkaninsight.com/2020/09/09/montenegro-coalition-leaders-agree-on-pro-european-course/.

# Албанскиот канабис се сели на затворено

Албанија е озлогласена по својата индустрија за одгледување канабис. Во 2014 година, едно село, Лазарат, Би-Би-Си дури и го нарече „главен град на Европа за одгледување канабис на отворено“.[1] Но, како резултат на повеќе фактори, се чини дека има поместување во изворниот пазар затоа што Албанците сè почесто се занимаваат со одгледување канабис на затворено во Западна Европа.

Значителни количества канабис се одгледани во Албанија од раните 1990-ти наваму. По падот на комунизмот, земјата стана важен извор на канабис за Европскиот пазар. Албанија има поволни услови за одгледување, а пазарот беше поттикнат од лошото владеење, корупцијата и местоположбата – земјата е блиску до Грција, Италија и централна Европа. Сиромаштијата и опортунизмот во пресрет на хаотичната транзиција кон демократија и слободната пазарна економија исто така доведе до зголемување на производството на канабис во Албанија.[2]

Во текот на една деценија, како што техниките на одгледување стануваа поефикасни, а шверцерските рути поетаблирани, одгледувањето на канабис во Албанија прерасна во милионски бизнис. Оваа нелегална економија ја поткрепуваше егзистенцијата на десетици илјади земјоделци, инјектираше профити од дрога во политиката и бизнисот, и ги збогати албанските шверцери дома и во странство.

Иако канабисот се произведува по должина и ширина на земјата, до раните 2000-ти, епицентарот беше едно село наречено Лазарат, на југот на земјата. Стана мрачна, но сепак јавна тајна, недопирлив дел од култивацијата на канабис кој ја збогати локалната економија, политичарите и шверцерите. Промената на власта во 2013 година, проследена со притисокот извршен од меѓународната заедница доведе до голем упад, при што во една фаза имаше и подолготрајна престрелка помеѓу полицијата и добро-оружените одгледувачи на канабис, во Лазарат, во јуни 2014 година.[3]




**СЛИКА 1** **Број на садници канабис искоренети во Албанија помеѓу 1995 и 2019 година (податоците за 2015–2019 преземени од временската рамка од јуни-декември).**

Извор: Албанска државна полиција




**СЛИКА 2** Подрачја на одгледување канабис во Албанија во 2019 година.

Сепак, проблемот не се реши со интервенцијата – едноставно само се дислоцира. Одгледувањето на канабис се прошири низ земјата во 2016, година кога имаше добра реколта и масивни профити.[4] Наместо да биде концентрирана во неколку изолирани локации како Лазарат и планинските предели на Дукаѓини на север, скапата трева почна да се одгледува во речиси секој дел на земјата. Ова им овозможи на албанските шверцери да се искачат по хиерархијата – инвестирајќи ги профитите од канабисот во пазарот на кокаин, и некои од нив наскоро станаа големи играчи во Латинска Америка и Западна Европа.[5]

Крупните полициски акции од 2017 година наваму се чини дека го попречија одгледувањето на канабис во Албанија. Можно е да има благо зголемување во обемот на производство во 2020 година, иако е премногу рано за проценка, особено со оглед на влијанието на КОВИД-19 врз реколтата, затоа што пандемијата беше прогласена во периодот кога се сееше семето на канабис. Од една страна, постои можност земјоделците да претрпеле пречки во производството поради ограничувањата наметнати со карантинот; од друга страна, полицијата веројатно и не била толку внимателна поради други приоритети. Според најновите податоци од Министерството за внатрешни работи, во текот на јуни 2020 година полицијата уништила 36 044 садници, повеќе од двојно во споредба со количеството запленето во истиот месец во 2019 година (14 595).[6]

За разлика од пред пет години кога можеше да се купи канабис по цена меѓу 150 и 700 евра по килограм, денес големопродажната цена е 1 300 евра поради релативно ограничената понуда. Но, како што е повисока цената, поголеми се и ризиците

Транспортот на килограм канабис – на пример со глисер преку Јадранско Море до Италија – наводно чини 300 евра по килограм. Освен тоа, и полицијата во Албанија и соседните земји стана повнимателна, што доведе до тоа шверцот на дрога да е сè поризичен.

Денес, иако Албанија останува главниот производител на канабис во Европа,[7] се чини дека некои криминални групи ги преселуваат своите операции во Западна Европа, каде има поголема побарувачка и помалку поврзан ризик. Во текот на изминатите четири години, се чини дека



**Култивација на канабис на затворено.**
© Уриел Синај/Гети имиџис (Uriel Sinai/Getty Images)

трендот – што може да се види преку полициските акции во Западна Европа – е тоа албански криминалци со претприемачки дух да инвестираат во одгледување на канабис на затворено во земји како Шпанија, Холандија, Белгија и Обединетото Кралство. Пазарните сили зад ова пренасочување се поволни – во Западна Европа има голема побарувачка, а и големи профити. Килограм канабис одгледан на затворено во западноевропска земја се продава за околу 3 000 евра. Тоа е за околу третина повеќе од она што се добива во Западна Европа за канабисот одгледан во Албанија. Кога ќе се пресметаат и трошоците и ризиците при шверцување на дрогата од Албанија, предностите на лоцирањето на производството поблиску до крајниот пазар се јасни.

Одгледувањето на канабисот на затворено исто така овозможува производ со подобар квалитет. Канабисот култивиран на отворено, како и секоја друга култура, е подложен на временските услови и други ризици кои можат да ја загрозат жетвата. Одгледувањето канабис на затворено може да се изврши во контролирана средина, потентноста или нивото на ТХЦ (психоактивната супстанца во дрогата) може да се регулира, а постојаната светлина и контролираното наводнување може да го забрзаат циклусот на производство, овозможувајќи жетва на секои три до четири месеци.

И покрај тоа што култивацијата на канабис е значајно опаднатa во Албанија, се чини дека Албанците се сè уште активни во култивацијата на канабис на други места. Постои веројатност дека оваа промена во понудата ќе доведе до логична промена на фокусот кај органите на прогонот, при што западноевропските агенции ќе треба да се расправаат со проблем кој сега им е многу поблиску до дома. Во меѓувреме, намалувањето на култивацијата на канабис во албанските рурални предели, која обезбедуваше егзистенција за многу земјоделци, треба да се оди рака под рака со посилен фокус на социо-економска помош за да се намали веројатноста[8] од повторно враќање кон економија зависна од производство на дрога.

Вреди да се спомне дека постојат знаци дека одгледувањето на канабис се одвива и на други места на Западен Балкан. Во неодамнешен случај од висок профил, полицијата уапси сопственик на компанија за органска храна, Предраг Колувија, откако 65.581 садници канабис, околу 650 сушена марихуана со вкупна тежина од околу 3.954 кг (4 тони), како и оружје, опрема за надзор и автомобил опремен со полициски ознаки беа откриени на имотот на неговата компанија „Јовањица", во Стара Пазова,[9] Војводина. Тоа беше една од најголемите заплени на дрога во српската историја.[10] Судењето, и тоа на сопственикот на компанијата за храна и на осумтемина второосомничени, започна во јули. Случајот привлекува внимание поради наводните политички контакти на осомничениот, како и соучесници во државните безбедносни служби.

Останува да се види дали ова е изолиран случај или дел од поширок тренд на зголемено одгледување на канабис во Србија и регионот. Помали заплени на канабис се пријавени на Косово (каде полицијата запленила 1,753 садници канабис од јануари до јуни 2020 година),[11] и во Босна и Херцеговина каде, во јуни, Државната агенција за истраги и заштита открила локација за одгледување канабис на затворено во Сараево,[12] а биле пријавени и мали парцели под култивација на отворено. Во Северна Македонија, дозволена е култивација на канабис за медицински цели од 2016 година, иако со строги одредби и високи критериуми за добивање дозвола.

ГИ-ТОК подетално ќе ги разоткрие пазарите на дрога на Западен Балкан во извештај што ќе биде објавен на почетокот на 2021 година.

## Забелешки

1 Linda Pressly, Europe's outdoor cannabis capital, BBC News Albania, 1 December 2016, https://www.bbc.com/news/magazine-38111945.

2 Fatjona Mejdini and Kristina Amerhauser, Growing like weeds: Rethinking Albania's culture of cannabis cultivation, GI-TOC, December 2019, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2019/12/AlbaniaCannabis.14.12.web_.pdf.

3 Albanian cannabis growers and 800 police battle in lawless village of Lazarat, *The Guardian*, 17 June 2014, https://www.theguardian.com/world/2014/jun/17/albanian-cannabis-growers-800-police-battle-lazarat.

4 Daniela Castro, Albania: Cannabis production far from coming to an end, 5 July 2016, https://www.occrp.org/en/daily/5441-albania-cannabis-production-far-from-coming-to-an-end.

5 Волтер Кемп, Транснационални пипала: Глобални жаришта на организираниот криминал со потекло од Западен Балкан, ГИ-ТОК, јули 2020, https://globalinitiative.net/transnational-tentacles-wb6/.

6 Statistical Monthly Report of Interior Ministry, Albania, June 2020, https://mb.gov.al/wp-content/uploads/2020/08/Raporti-Qershor-2020.pdf.

7 Direzione Investigativa Antimafia, *Attività volta e risultati conseguiti dalla Direzione Investigativa Antimafia*, July-December 2019, https://direzioneinvestigativaantimafia.interno.gov.it/semestrali/sem/2019/2sem2019.pdf.

8 Nate Tabak, In Europe's former pot capital, now the only grass is for sheep, PRI, 30 October 2017, https://www.pri.org/stories/2017-10-30/europe-s-former-pot-capital-now-only-grass-sheep.

9 Reuters, Serbia seizes four tonnes of marijuana in organic food farm, 26 November 2019, https://www.reuters.com/article/us-serbia-police/serbia-seizes-four-tonnes-of-marijuana-in-organic-food-farm-idUSKBN1Y01YC.

10 Jelena Zorić and Ana Novaković, *Specijalna emisija "Jovanjica - kada je cvetala marihuana"*, N1, 15 June 2020, http://rs.n1info.com/Video/Info/a610222/Jovanjica-kada-je-cvetala-marihuana.html.

11 Kosovo General Police Directorate, The Policing in the time of pandemic: Six (6) Month work report of Kosovo Police, January - June 2020, https://www.kosovopolice.com/wp-content/uploads/2020/09/Policimi-n%C3%AB-koh%C3%ABn-e-pandemis%C3%AB-anglisht.pdf.

12 Noviglas, *Objavljen snimak policijske akcije – Otkrivena jedna od najskupljih laboratorija za uzgoj droge u BiH*, 11 September 2019, https://noviglas.info/2019/09/11/objavljen-snimak-policijske-akcije-otkrivena-jedna-od-najskupljih-laboratorija-za-uzgoj-droge-u-bih-video/.

# Парите си доаѓаат дома за празниците

Од јуни до август оваа година, полицијата во Албанија заплени неколку стотици илјади евра во кеш на клучни гранични премини и на аеродромот во Тирана. Ова е само врвот на сантата мраз од милиони евра во кеш кои се шверцуваат во Албанија секоја година, и е симтоматично за важноста на нелегалните готовински трансфери на Западен Балкан.

Додека граничната контрола во регионот вообичаено е фокусирана на пресретнување и заплена на нелегален тутун, дрога и други фалсификувани продукти, помалку внимание се обраќа на шверцот на кеш. Голем дел од него е од криминални приноси.[1] Преминувањето на границата носејќи кеш не претставува голем ризик. Криминалните приноси генерирани во Европската Унија (ЕУ) и Обединетото Кралство (ОК) често се кријат во прегради во автомобили и камиони и се пренесуваат преку границите. Според неодамнешен извештај на ГИ-ТОК за нелегалните финансиски текови, криминалните актери исто така ги замолуваат членовите на семејството, роднините и пријателите да вратат одредена сума на кеш назад во регионот, во замена за мал надоместок. Дури и луѓе што прават легален приход во странство, но кои се исплатени во кеш, често им ги доверуваат своите пари на лица со пасоши од ЕУ или ОК (како и САД, канадски и други „јаки“ пасоши) за да им ги однесат дома.[2] Возач на камион објасни дека може да се заработи провизија од 10 процени од вкупната сума на кеш што се носи дома. Албанските криминалци кои работат во ОК, наречени „Лондонски момци“ се познати по тоа што добро плаќаат“.[3] Трендовите на шверцување кеш имаат склоност кон зголемување во текот на летните месеци кога луѓето што работат во странство се враќаат дома на одмор.

Табелата ги покажува инцидентите на заплена на кеш што се шверцувал кон или надвор од Албанија од јуни до август 2020, вклучително и на аеродромот во Тирана (Аеродромот Ринас).



**Банкноти во вредност од 16.000 евра скриени во пластична кеса во преден дел од камион упатен кон Косово, запленети на граничниот премин Блаце со Северна Македонија, јуни 2020.**

© Царинска управа на Северна Македонија, http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/informacii-mk/vesti-mk/2584-otkrieni-migranti-i-zapleneta-razna-stoka-devizi-domashna-rakija-cigari-i-falsifikati

| Место | Датум | Запленет износ |
|---|---|---|
| Драч | 13 јуни 2020 | ЕУР 498 850 |
| Ринас | 3 јули 2020 | ЕУР 18 500 |
| Ринас | 3 јули 2020 | ЕУР 12 900 |
| Морине | 5 јули 2020 | ЦХФ 77 160 |
| Ринас | 7 јули 2020 | ГБП 15 000 |
| Тре Урат | 9 јули 2020 | ГБП 26 820 |
| Драч | 28 јули 2020 | ЕУР 78 730 |
| Ринас | 31 јули 2020 | ЕУР 15 000 |
| Ринас | 5 август 2020 | ГБП 22 000 |
| Ринас | 28 август 2020 | ГБП 31 850 |
| Ринас | 28 август 2020 | ГБП 10 000 |

**СЛИКА 3 Заплени на шверцуван кеш, Албанија, од јуни до август 2020 година.**

Извор: Информациите се добиени од Генералната царинска управа на Албанија

Овие цифри се бледи во споредба со еден истакнат случај од јуни 2018 година, кога 3.4 милиони евра беа запленети на пристаништето во Драч, во приколка што се враќала од Белгија (која е една од главните влезни точки за кокаинот што се шверцува од Латинска Америка кон Западна Европа).[4]

Пренесувањето кеш помеѓу и во рамките на земјите од Западен Балкан е полесно да се скрие затоа што голем дел од секојдневната економска активност се врши во готовина. Дури е вообичаено и да се врши исплата на големи суми во висока вредност и да се купува луксузен имот во готовина. Иако повеќето од овие трансакции се повеќе неформални отколку незаконски, отвораат простор за нелегалните чинители да извлекуваат, пренесуваат и апсорбираат големи суми на вредност без воопшто да остават трага во формалните финансиски системи.

Зошто се вршат исплати на големи суми на кеш, наместо преку банкарски трансакции или брз трансфер на пари? Дали тоа е резултат на недоверба во системот, или пак луѓето нешто кријат? Или пак е повеќе системски проблем поврзан со фактот дека многу луѓе во земјата (особено на север) немаат сметки во банка или пристап до банкомати?[5] Која и да е причината, недостатокот на транспарентност секако покрева сомневање. Постојат информации дека моќни бизнисмени што работат во регионот пренесуваат значајни суми готовина меѓу земјите, но се сметаат за „недопирливи“ од страна на царинските службеници. Во едно интервју, царински службеник спомнал бизнисмен за кој постои сомневање дека пренесува готовина помеѓу Албанија и Северна Македонија со оглед на тоа што има инвестиции во двете земји. Службеникот рекол: „Никој не се осмелува да го провери багажникот на неговата кола затоа што е многу моќен. Никој сакаше да го запре (и да му ја провери колата)“.[6]

Накусо, ова е проблем што бара поголема ангажираност од органите на прогонот. Владите треба да ги обучат и охрабрат вработените на границите, вклучително и полициските и царинските службеници, да дадат приоритет на справувањето со шверцот на готовина, наместо да се целосно ориентирани само кон дрога и стоки. За да се изврши оваа промена на приоритети, може да биде неопходно да за зголеми бројот на агенти и да се обезбеди дополнителен технички капацитет за откривање на шверцот на готовина (како кучиња за детекција на кеш и технологија со рендгенски зраци). Освен тоа, детекцијата сама по себе не е доволна. Може да се постигне одвраќање ако се иницираат истраги на потеклото на откриената готовина. Справувањето со преносот на готовина е незаконска практика за која е неопходна промена во односот, како од страна на оние кои шверцуваат готовина, така и од оние кои премногу често замижуваат пред шверцот.

## Забелешки

1 Тјуздеј Реитано и Кристина Амерхаузер, Нелегални финансиски текови во Албанија, Косово и Северна Македонија: Клучни причинители и моментални трендови, ГИ-ТОК, август 2020, https://globalinitiative.net/iffs-western-balkans/.

2 Ибид.

3 Интервју со италијански трговец со стоки во Германија, Италија и Албанија, јануари 2020, Тирана.

4 Reuters, Albania seizes 3.4 million euros cash in alleged drug profits in Adriatic port, 25 јуни 2019, https://www.reuters.com/article/us-albania-crime-cash/albania-seizes-34-million-euros-cash-in-alleged-drug-profits-in-adriatic-port-idUSKBN1JL2AT.

5 Види https://www.bankofalbania.org/rc/doc/STRATEGJIA_KOMB_TARE_P_R_PAGESAT_ME_VLER_T_VOG_L_N_SHQIP_RI_2018*12125.pdf?fbclid=IwAR22L5ufqc* vb8I880uZnrcdEMHnmGS1ynrE3I8Ay3Wy_Zs2uOXrRw5n-pI.

6 Интервју со царински службеник во Албанија, јануари 2020 2020.

# Балканската рута и КОВИД-19: Повеќе ограничувања, поголема беда

Пред пет години, десетици илјади бегалци и мигранти поминуваа низ Југоисточниот дел на Европа обидувајќи се да се упатат на Запад. Денес, Балканската рута е во голема мера затворена: границите се под строга контрола, а очајните мигранти и баратели на азил се оттурнуваат назад. Хуманитарната криза е продлабочена затоа што ранливите групи не можат да се придвижат, а имаат ограничен пристап до здравствена заштита. Едни од ретките добитници во оваа криза се шверцерите на мигранти.

И додека бројот на мигранти и баратели на азил кои се трудат да поминат низ Балканот е значително понизок отколку што беше во најголемиот наплив во 2015 година, сепак постојат луѓе кои се подготвени да го преземат ризикот. Откако границата помеѓу Северна Македонија и Грција стана потешка за преминување, се чини дека поголем прилив на мигранти се помести кон запад преку Грција, низ зелениот појас со Албанија, па потоа кон Црна Гора. Во 2019 година, околу 12 000 странски државјани беа пресретнати во Албанија, и околу половина од нив побараа азил (6 678), што е речиси 11 пати повеќе отколку во 2017.[1] Големо мнозинство од овие баратели на азил и мигранти се од Сирија, по што следат Ирак, Пакистан, Мароко, Алжир, Либија, Палестина и Авганистан. Тоа создава атрактивен пазар за шверцерите. На пример, во јуни 2019 година, албанската полиција разби криминална група (што ја водеше турски дилер) која се обидуваше да прошверцува Сирijци, Турци и Ирачани од Грција кон Западна Европа.[2] Следниот месец, мрежа на шверцери беше фатена на дело обидувајќи се да пренесе осум Пакистанци од Грција преку Албанија кон Црна Гора. На 10 септември 2020, Албанската полиција разби шверцерска мрежа што се обидуваше да пренесе 16 мигранти кон ЕУ.[3]

За да се спротивстави на ова пренасочување, Фронтекс – Агенцијата за гранична и крајбрежна стража на ЕУ – започна да патролира на границата на Албанија со Грција во 2019 година. Ова беше првата мисија на Фронтекс на Западен Балкан. Во декември 2019 година, Црногорскиот совет за одбрана и безбедност донесе одлука за распоредување на војската како помош на граничната полиција. Црногорската влада во заминување размислуваше за поставување ограда долж нејзината граница со Албанија, користејќи ја жицата што ја доби од унгарската администрација. Новата влада ќе одлучи дали таквата ограда ќе биде поставена.

Денес, бројот на луѓе во движење е релативно ограничен поради обезбедувањето на границите и карантините поврзани со КОВИД. На пример, во февруари 2020 година, Високиот комесаријат на ООН за бегалци забележа 2 633 новопристигнати мигранти во Србија. Во март, имало 1 669 нови пристигнувања. До април, кога пандемијата беше во ек, беа забележани само 270 нови пристигнувања.[4]

Пандемијата резултираше со значителни ограничувања и во рамките на, а не само меѓу земјите. Во Србија беше воведена строга наредба за ограничување и полициски час во 20 прифатни центри и центри за баратели на азил. Бегалците и мигрантите кои полицијата ги наоѓаше надвор од камповите беа носени назад во еден од тие центри. Во Босна и Херцеговина, мигрантите кои влегуваа во Република Српска беа охрабрени да преминат кон Федерацијата Босна и Херцеговина.[5] Ова создаваше притисок на североистокот од земјата во подрачјето околу Бихаќ во Федерацијата Босна и Херцеговина, во близина на границата со Хрватска.[6]

Како резултат на тоа, контролата при влез во Кантонот Уна-Сана, во близина на Хрватската граница, беше засилена, за да се запре приливот на мигранти.[7]

Повеќето мигранти и баратели на азил имаат намера само да транзитираат низ регионот. На пример, луѓето кои поминуваат низ Црна Гора, обично се млади мажи од Мароко, Алжир, Авганистан, Ирак и Сирија. Огромното мнозинство од оние кои аплицираат за меѓународна заштита доброволно ја напуштаат Црна Гора – дури и пред да биде донесена одлука за нивната апликацијата.

Сепак, поради КОВИД-19 и затворањето на Балканската рута, станува сè потешко за мигрантите




**СЛИКА 4** **Главни рути за шверц на мигранти на Западен Балкан.**



**Баратели на азил се топлат во напуштен објект во кампот Бира во Бихаќ.**
© Иаин Брнз/СОПА Имиџис/Лајтрокет преку Гети Имиџис (Iain Burns/SOPA Images/LightRocket via Getty Images)

и барателите на азил да излезат од регионот и да се упатат кон Западна Европа. Ова создава хуманитарна криза и голем број на очајни луѓе кои можат да бидат злоупотребени од шверцери.

Проблемот е најакутен на северозападниот дел на Босна и Херцеговина близу до границата со Хрватска (а со тоа и до влезната точка кон ЕУ). Пренатрупаноста на капацитетите на постојните кампови во кантонот Уна-Сана остави многу луѓе да спијат по улици. Ова беше исправено во пролетта 2020 година со отворањето на новиот камп во Липа. Во моментов, околу 1.100 мигранти престојуваат во кампот, кој има капацитет за сместување 1.000 лица.[8] Сепак, очевидци ги информираа нашите истражувачи дека сè уште има неколку стотици мигранти во шумата околу кампот.

Фрустрациите меѓу мигрантите се чини дека се зголемуваат: има извештаи за тепачки меѓу различни етнички групи во кампот во Сараево,[9] на пример, поврзани со пристапот до клучните локации за питачење во главниот град. Локалните жители на Бихаќ и Велика Кладуша исто така се чувствуваат исфрустрирано и загрижено не само околу зголемувањето на бројот на мигранти и бегалци во нивните заедници, туку и поради инцидентите на ситен криминал и стравувањата од ширењето на КОВИД.[10] Други пак профитираат од ситуацијата со изнајмување на своите станови или вршење превоз на мигрантите, на пример, пренесување на луѓе од кантонот Уна-Сана во правец на Тузла или кон Сараево. Се вели дека цената од Велика Кладуша до Сараево е околу 100 евра по лице.

Се чини дека тесното грло на северозапад доведува до тоа некои азиланти и мигранти, кои влегуваат во

Босна од југ, да се насочени кон исток повеќе отколку кон запад: има неодамнешни извештаи за мигранти кои се обидуваат да се преселат од близината на граничниот премин Клобук во јужна Босна преку границата со Црна Гора во правец на Никшиќ. Според извори од босанската гранична полиција, повеќе од 400 лица месечно се обидуваат да ја следат оваа рута, а шверцерите им наплаќаат од 200 до 1.000 евра по преминување (во зависност од тоа каде ќе бидат оставени).

Додека цените на шверцувањето, наводно, се зголемија по укинувањето на карантинот на почетокот на мај – поради зголемената побарувачка – оттогаш се веќе стабилизирани. Всушност, цената за преминување на реката Дрина, на границата меѓу Србија и Босна, дури наводно е и намалена (на приближно 200 евра по лице), што укажува на тоа дека интересот е намален.[11]

Не е јасно до кој степен е всушност организирана оваа локална економија за шверцување. Во некои случаи, мигрантите се обидуваат да ја преминат границата без посредници. Во други, се чини дека активноста е предизвикана од опортунистички локални жители или ситни оператори кои ги познаваат приликите на локалниот терен. Многу од луѓето што се во движење се сиромашни. Затоа, профитот остварен од шверц зависи од обемот: или во случај на големи групи што се движат одеднаш, или од постојан прилив на мали групи кои се движат кон истиот премин. Повеќето од луѓето во овие текови се движат од точка до точка, потпирајќи се на совети од шверцери, пријатели или локални жители. Полицијата понекогаш е потплатена да подзамижи.

За безбедно да патуваат на подолги растојанија, мигрантите се обраќаат кон шверцери – ако можат да си ги дозволат. Колку е подолго растојанието, толку е поголема цената. Најголем профит имаат оние кои можат да го олеснат патувањето низ Западен Балкан, на пример од Турција и Грција, преку Северна Македонија или Албанија, Црна Гора и Србија, кон Унгарија или преку Босна и Херцеговина кон Хрватска или Словенија. Постојат докази кои сугерираат дека постојат мрежи вклучени во транснационален организиран криминал.[12] На пример, на почетокот на септември 2020 година, пет лица беа уапсени од босанската полиција,[13] од кои двајца српски државјани, кои беа на листата на ИНТЕРПОЛ за шверц и трговија со луѓе.

## Забелешки


1 Странци во Албанија, Instat, 21 August 2020, http://www.instat.gov.al/media/7362/foreigners-in-albania.pdf.

2 B Koleka, Albania busts gang trafficking migrants into EU, arrests eight, Reuters, 13 June 2019, https://www.reuters.com/article/us-albania-migrants-trafficking/albania-busts-gang-trafficking-migrants-into-eu-arrests-eight-idUSKCN1TE2RW.

3 Види ФЈАЛА, 10 септември 2020 година,https://fjala.al/2020/09/10/transportonin-drejt-vendeve-te-be-se-16-emigrante-te-paligjshem-ne-pranga-26-vjecari-dhe-bashkepunetori-i-tij/?fbclid=IwAR14Tc7x2Jh7QblXpOxX2ucpOPQsxs76_TB4uRvJxdNWHaWMcAyL_2we_HA.

4 UNHCR Serbia update, ReliefWeb, March 2020, https://reliefweb.int/report/serbia/unhcr-serbia-update-march-2020.

5 D Maksimovic, *Nehumane politicke igre s migrantima u BiH*, *Deutsche Welle*, 21 August 2020 https://www.dw.com/hr/nehumane-političke-igre-s-migrantima-u-bih/a-54650069.

6 *B.R.*, *Nove tenzije u Velikoj Kladusi zbog migrantske krize, na ulicama veci broj policajaca*, Klix, 17 August 2020, https://www.klix.ba/vijesti/bih/nove-tenzije-u-velikoj-kladusi-zbog-migrantske-krize-na-ulicama-veci-broj-policajaca/200817142.

7 *Donesena odluka: Ovo su sve zabrane koje se ticu migranata*, *Oslobodjenje*, 19 August 2020, https://www.oslobodjenje.ba/vijesti/bih/donesena-odluka-ovo-su-sve-zabrane-koje-se-ticu-migranata-582972.

8 Peter Van der Auweraert Chief of Mission, International Organization for Migration, Western Balkans Coordinator, Twitter, 8 September 2020, https://twitter.com/PeterAuweraert/status/1303344674631974912.

9 *N.V.*, *U masovnoj tucnjavi u migrantskom centru Blazuj tesko povrijedena tri migranta*, Klix, 13 April 2020, https://www.klix.ba/vijesti/bih/u-masovnoj-tucnjavi-u-migrantskom-centru-blazuj-tesko-povrijedjena-tri-migranta/20041312.

10 *Eskalacija krize u Velikoj Kladusi*, *obracun gradana s migrantima*, BHRT, 18 August 2020, https://bhrt.ba/eskalacija-krize-u-velikoj-kladusi-obracun-gradana-s-migrantima/.

11 A Omerovic, *Srbijanska policija pomaze migrantima da predu na teritoriju BiH!*, Zurnal, 7 September 2020, https://zurnal.info/novost/23363/srbijanska-policija-pomaze-migrantima-da-predu-na-teritoriju-bih.

12 Infomigrants, Bosnia and Croatia arrest eight suspected migrant smugglers, 28 May 2020, https://www.infomigrants.net/en/post/25052/bosnia-and-croatia-arrest-eight-suspected-migrant-smugglers.

13 GP BIH, *Na području Goražda sprijeceno krijumcarenje migranata*, 7 September 2020, http://www.granpol.gov.ba/Publication/Read/937884?title=Na&fbclid=IwAR0ph2vMnSAoxIlsWJ5xG-CjiOd7kQ4K31Hs7iiu5mZ97o74S7giQajBEmw.

# На нишан: Истражувачкото новинарство во Црна Гора

Владимир Оташевиќ, наградуван истражувачки новинар од Црна Гора и уредник на мрежата за известување за криминал и корупција ЛУПА, објаснува зошто да се биде новинар што истражува криминал и корупција во Црна Гора е ризично



**Како би го опишале медиумскиот пејзаж во Црна Гора? Која е улогата на јавните и независните медиуми, како и оние поддржани од меѓународни донатори?**
Медиумскиот пејзаж во Црна Гора е многу поларизиран. Медиумите се поделени на оние што ја поддржуваат владата во заминување и оние што се обидуваат да ја завршат својата работа на професионален начин. Вториве имаат поголема читателска публика и уживаат финансиска поддршка од меѓународната заедница. Сепак, независните медиуми се борат со низок прилив на приходи. Во оваа земја, влијанието на владата беше толку моќно што компаниите, од кои голем број се поврзани со државата, не сакаат своите средства за реклами да ги пласираат на медиуми кои се критички настроени кон оние на власт. Новинарите исто така се слабо платени, што им го отежнува заработувањето на пристојна егзистенција. Просечната новинарска плата е скудни 500 евра месечно.

Јавниот сервис во Црна Гора, со децении, е контролиран од владејачката политичка партија. Всушност, би било посоодветно да се нарече партиски радиодифузен сервис. Недоволната објективност е забележана од невладините организации што лобираат за слобода на медиумите и во меѓународните извештаи. Сите се согласуваме дека тоа е далеку од она што граѓаните на оваа земја заслужуваат да го добијат од јавниот сервис.

**До кој степен новинарите во Црна Гора се независни во своето известување?**
Општо земено, новинарите во Црна Гора, особено оние кои работат за провладините медиуми, се под силно влијание на политичкиот режим. А и во независните медиуми понекогаш има притисок од големите огласувачи. Недостатокот на слобода на медиумите е голем проблем тука, за што сведочат бројните напади врз новинари што ја откриле вистината. Во последните 18 години има 70 пријавени напади врз новинари во Црна Гора, вклучително и едно убиство.

**Каков тип на стории покрива ЛУПА?**
Објавуваме стории главно за организираниот криминал и вмешаноста на политиката во криминалните пазари. Нашите прилози опфаќаат и корупција и злоупотреба на службена положба од носители на функција. Исто така се фокусираме на прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната неправда во Црна Гора. Сите видови истражувачко новинарство се од интерес за нас, но нашиот главен фокус е да ја расветлиме врската помеѓу организираниот криминал и политичките елити во оваа земја.

Минатото лето, објавивме прилог за тоа како имот во сопственост на претседателот на Парламентот на Црна Гора – чија партија владее со земјата со децении – беше продаден како дел од корупциски договор. Во прилогот, исто така разоткривме

активности на перење пари. Како резултат на таа сторија, органот на јавното обвинителство започна истрага за имотот на претседателот на Собранието и трансакциите околу продажбата на имотот.

**Кои се главните предизвици со кои се соочува ЛУПА?**
Првенствено, нашата загриженост е околу безбедноста затоа што пишуваме за некои од најмоќните и најопасните луѓе во земјата. Ние се обидуваме да ги ублажиме ризиците со употреба на безбедносни апликации на нашите мобилни телефони и уреди. Се сомневаме дека сме под надзор на црногорската Агенција за национална безбедност. Овде, не е невообичаено да се привлече таков тип на внимание – на крајот на краиштата, се тврди дека дури и странските дипломати добиваат ист третман. Друг предизвик е потребата од одржлива финансиска поддршка.

**Кои се главните ризици со кои се соочуваат новинарите во Црна Гора кога ги истражуваат темите поврзани со организираниот криминал и корупција?**
Да ви кажам еден мрачен пример: пред 16 години Душко Јовановиќ, уредникот на весникот „Дан", беше убиен во престрелка од возило. Инцидентот сè уште е морничав потсетник за новинарите околу ризиците со кои се соочуваат. Во 2018 година беше застрелана Оливера Лакиќ, новинарка од весникот „Вијести", но за среќа преживеа. Овие и многу други инциденти што се случиле во оваа земја, како што се заканата со смрт што ја добив во 2017 година од братот на премиерот во заминување, се секојдневни потсетници за вистинските опасности со кои се соочуваат новинарите кои го истражуваат организираниот криминал и корупцијата во Црна Гора.

Шверцот на цигари и оружје и трговијата со дрога се едни од најопасните теми што можете да ги покривате како новинар. Луѓето стравуваат за своите животи. А вие не го ризикувате само вашиот сопствен живот, туку и оние на луѓето близу вас. Земете го примерот на Оливера Лакиќ. Пред да биде застрелана, таа добила закани дека ќе ја силуваат неа и нејзината ќерка. Ова се случило откако таа напиша серија истражувачки прилози за шверцот на цигари во Црна Гора. Разбирливо, под вакви услови, семејствата честопати се обидуваат да ги одвратат новинарите од нивната работа.

**Што може да се направи за да промени ситуацијата?**
Постои можност за голем напредок со новата влада во Црна Гора. Црна Гора е единствената земја во Европа што ја има истата влада од падот на Берлинскиот Ѕид – истите луѓе се на власт веќе три децении. Колку се поблиски врските помеѓу организираниот криминал и луѓето на позиција на донесување одлуки во државата, толку посилни се корените на организираниот криминал и потешко е да се бориме против него. Во земјите каде демократијата е силна, организираниот криминал е послаб. По 30 години еднопартиско владеење, за жал, Црна Гора е далеку од силна демократија.

Се надеваме дека новата влада ќе ја промени ситуацијата кон добро и ќе овозможи слобода на медиумите и подобро опкружување за новинарите. Исто така, се надеваме дека новата влада ќе преземе конкретни чекори за борба против корупцијата. Очекуваме транспарентност околу зделките на претходната влада и сите нови договори што ги склучува оваа нова влада. Транспарентноста е важно прашање за новинарите, бидејќи толку долго ја немаше. На пример, владата во заминување смета дека буџетските трошоци се тајна. Ова мора да заврши. Освен тоа, навистина се надеваме дека оваа нова влада ќе го измени законот за слобода на информации, за да можеме да имаме поголем пристап до државните информации.

Исто така, со нетрпение очекуваме реформи во правосудниот систем. Ние би сакале случајот на Душко Јовановиќ повторно да се отвори, заедно со останатите нерешени случаи во кои е извршено насилство врз новинари. На овој начин, новинарите би чувствувале поголема поддршка и би се чувствувале побезбедни, а таквата постапка може да делува и како предупредување против идни инциденти на заплашување од ваков тип.

**Кои чекори може да се преземат за Црна Гора, и општо цел Западен Балкан, да изградат отпорност кон организираниот криминал?**
Важен прв чекор би бил да се има подобра, потранспарентна влада. Економската и социјалната состојба исто така треба да се подобрат со стремеж за помала невработеност и подобри работни перспективи. Многу е важно да им се дадат подобри економски и социјални можности на заедниците погодени од криминал и корупција, со цел да се

избегнат ситуации кога сиромаштијата и недостатокот на можности ги втурнуваат луѓето во организиран криминал

Исто така, од витално значење е државните органи на прогонот во Црна Гора, како што се полицијата и обвинителството, да се справат со криминалните кланови од Котор кои вршат крвопролевање од 2014 година. Неуспехот да се поведе кривично гонење доведе до огромно збогатување на овие две криминални групи и нивните соработници. Ова не требаше да се случи: таквите криминални групи требаше да бидат средени на самиот почеток, но очигледно немаше политичка волја од страна на властите. Можеби нова влада би се нафатила поинтензивно да работи на проблемот, со нови храбри луѓе, политичка волја и потребни ресурси.

Како новинари, внимателно ќе ги следиме напорите на новата влада и секогаш ќе бидеме критични кога работите ќе тргнат наопаку. Важно е новата влада да работи во најдобар интерес на граѓаните во земјата. Ако не го сторат тоа, ние ќе им дишеме во врат. Тоа е работата на новинарите

Мрежата за известување за криминал и корупција – ЛУПА – е непрофитна организација што промовира и развива истражувачко новинарство во Црна Гора. Основана е во 2016 година од група независни новинари. Една од главните области на работа на ЛУПА е истражување и известување за организиран криминал и корупција во Црна Гора и во странство. Конкретните цели на ЛУПА се помош на граѓаните и владините органи во борбата против организираниот криминал; унапредување и заштита на човековите права; следење на работата на владините институции; промовирање на регионална соработка меѓу медиумите и групите кои се залагаат за антикорупција и борба против организираниот криминал. Од 2019 година, ЛУПА добива поддршка од Фондот за отпорност на ГИ-ТОК.

# Благодарност

Овој Билтен на ризици е производ на Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа (ЈИЕ-Опс) на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал.

ЈИЕ-Опс е платформа која ги поврзува и ги оснажува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓуетничките односи, безбедноста и владеењето на правото. ЈИЕ-Опс го поддржува граѓанското општество во следењето на националната динамика и поширокитe регионални и меѓународни трендови во организираниот криминал. Основањето на опсерваторијата произлезе како резултат на Самитот за Западен Балкан во Лондон во 2018 година, дел од Берлинскиот процес.

Би сакале да се заблагодариме на Марко Весовиќ и Данијел Ковачевиќ за нивниот ценет придонес.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци и да ги контекстуализираат трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на almedina.dodic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 600 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME